# И КОГА Е ЛЕТО ТРЕБА ДА ШТЕДИ СЕКОЈ!




## 1. Платежна картичка



Нучивме што е платежна картичка. Постојат кредитна и дебитна, а тие картички се добиваат во банка. Најчесто се поврзани со платата што ја примаат родителите. Картичките ги користиме кога сакаме да купиме нешто, а притоа немаме пари со нас. Сопствени картички ќе имате кога ќе наполните 18 години, а дотогаш ќе штедите.

## 2. Банкомат



Тоа е автомат што овозможува банкарска услуга без присуство на човек. За да повлечеме пари од нашата сметка на банкомат, потребна ни е платежна картичка.

## 3. Глобалната недела на пари



Тоа е настан што се одбележува во сиот свет. Оваа година учествуваа околу 2 милиона деца од над 100 земји. Во Македонија, тимот на Народната банка на Република Македонија посети повеќе основни училишта. Дали Денарко беше во вашето училиште? Ако тоа не се случило годинава, ветуваме дека тој ќе ви биде гостин следната година.

Global Money Week
Child&Youth Finance International

## 4. Злато



Учевме и за златото, како се користи, како се мери и која е неговата вредност. Научивме дека тоа е многу вреден метал. Неговата вредност се мери во унци, а се изразува во американски долари. Од златото се изработуваат монети, различен накит и украси, но се користи и како резервно средство.

## 5. Пригодни монети



Монетите што се изработуваат во злато, но и од други метали се нарекуваат комеморативни или пригодни ковани пари. Нив најчесто ги купуваат и собираат колекционерите, а нивниот изглед може да биде со најразлични дизајни - со познати личности, споменици, институции, животни, хороскопски знаци, познати и важни историски настани ... И Народната банка на Република Македонија изработува такви пари.

## 6. Девизи и валути



Девизите се платежни средства издадени во странска валута што се користат за плаќање во странство, а валути се парични единици, односно пари на некоја земја, како што е денарот на Република Македонија.

## 7. Буџет

Учевме и како да го пресметаме сопствениот семеен буџет. Научивме дека приходите се сите видови примања или добиени пари, а расходите се сите трошоци. Заедно направивме табела за пресметка на нашиот буџет.

| Ден | Приходи - од што, од кого? | Приходи - колку? | Расходи - за што? | Вкупно заштедени денари |
|---|---|---|---|---|
| понеделник | | | | |
| вторник | | | | |
| среда | | | | |
| четврток | | | | |
| петок | | | | |
| сабота | | | | |
| недела | | | | |
| крај на неделата | вкупно приходи | | вкупно расходи | = |

За својот цртеж на тема *„И јас умеам да штедам“*, сложувалка освои Михаела Филипоска, III–1 одд., ООУ „Александар Македонски“, Скопје.










Драги другарчиња, многу ќе ни недостасувате, но ветуваме дека повторно ќе другаруваме идната учебна година. Имајте долго, топло и весело лето. И не заборавајте дека и во лето треба да штеди секој! Се гледаме повторно следната учебна година.


Адаптација на текстот *Ксенија Трајчева*
Адаптација на илустрациите *Натали Николовска*

*Во соработка со* НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА